„Кога човекот ќе потроши имот за своето семејство убеден дека ќе биде награден за тоа, ќе му се смета како да дал милостина.“

Од Ебу Месуд, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога човекот ќе потроши имот за своето семејство убеден дека ќе биде награден за тоа, ќе му се смета како да дал милостина.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известува дека тој што троши имот за своето семејство, за кое е должен да го издржува, како сопругата, родителите, децата и другите, сакајќи со тоа да се приближи до Возвишениот Аллах и надевајќи се на Неговата награда, ќе има награда како да дал милостина.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6460